Горан БУЛДИОСКИ

# ТИНК ТЕНКОВИТЕ ВО ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА И КВАЛИТЕТОТ НА НИВНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИКИ

## ВОВЕД

*„Долго време, американските тинк тенкови од старата гарда се нарекуваа универзитети без студенти; денес, тинк тенковите од Централна и Источна Европа може да се опишат како истражувачки институти за применети политики без истражувачка дејност. Ова не може да трае уште долго“*

(Крастев 2000, стр. 290)

Пишувајќи во 2000 година, Иван Крастев – еден од најпознатите аналитичари на тинк тенкови и политики во регионот[2]- ја идентификуваше потребата од враќањето на влијателните тинк тенкови од тоа време кон „општествените науки соодветно“ (2000:290). Тој, со други зборови, ги идентификуваше ризиците на

1 Мислењата искажани во овој труд се лични на авторот, и не ги претставуваат мислењата на Тинк Тенк Фондот или друга програма на Институтот Отворено Општество.

*Авторот е директор на Тинк Тенк Фондот на Институт Отворено Општество, Будимпешта*[1]

кои тинк тенковите го подложуваа нивниот почетен кредибилитет со неможноста да ги подигнат стандардите на нивното истражување и со тоа што продолжуваат да даваат приоритет на вредностите наспроти конкретните податоци во нивните анализи. Во слична насока, Јонита (2003) зборува за недоволното внимание што тинк тенковите го посветуваат на претставување на нивните резултати пред надворешниот свет. Според него, оваа немарност е резултат на фактот што многу тинк тенкери се академски истражувачи кои вредноста на идеите ја земаат како очигледна и претпоставуваат дека поради тоа нивниот збор вреди да биде слушнат. Аврамов (2007) ја нагласува тенденцијата на економските тинк тенкови од регионот да се отклонуваат од економската теорија. Неговата компаративна студија покажа дека овие организации ретко, ако и воопшто, се пронаоѓачи или промотори на нови теории и парадигми.[3] И додека тој го согледува недостатокот од „критична маса“ и „интелектуална тежина“ кај тинк тенковите како главна причина за таквите трендови, неговата студија не го анализира видот и квалитетот на истражувањата на применети политики спроведени од страна на тинк тенковите. Но, токму ова е проблемот на кој се насочува овој труд – слабиот квалитет и ниските стандарди на тинк тенковите во ЦИЕ.

---

2 Овој труд ги опфаќа прашањата во следниве три суб-региони: нови земји членки на Европската Унија од Источна Европа (Естонија, Литванија, Латвија, Полска, Чешката Република, Словачка, Унгарија, Словенија; Романија и Бугарија), Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија) и одредени држави од поранешниот Советски Сојуз (Ерменија, Азербејџан, Грузија, Молдавија и Украина). Земајќи ги предвид различните политички и општествени услови за работа на тинк тенковите, Руската Федерација, Белорусија и републиките од централна Азија не се опфатени со анализата во овој труд.

3 Аврамов овде најмногу ја следи логиката на дефиницијата на МекГан за улогата на тинк тенковите „... да се поврзат двете улоги, онаа на креаторите на политики и академската (2005:12)“. Со нагласување на втората димензија, Аврамов има експлицитно очекување од економските тинк тенкови да се вклучат во економската теорија. Иако ова сигурно не е западен стандард каде академските центри доминираат во полето на економската теорија, ова размислување може да се објасни со недостатокот од добро истражување во академските кругови во ЦИЕ. Треба да се забележи дека примерокот на Аврамов вклучува неколку центри поврзани со универзитети. Исто, можам да шпекулирам дека очекувањето на Аврамов тинк тенковите да ја пополнат празнината се заснова на претпоставката дека тие се подобро опремени истражувачи ако се земе предвид директната изложеност и вклученост со нивните колеги од Западот (видете дискусија за недостаток од конкуренција за истражување на применети политики кај Крастев 2003).

Рејмонд Стријак веројатно е единствениот автор кој експлицитно посветува внимание на квалитетот на истражувањата на применети политики спроведени од тинк тенковите во ЦИЕ. На пример, тој посветува цело поглавје на контролата на квалитетот на студиите за применети политики во неговата - според регионални стандарди - значајна книга (Стријак 2006:49-62). Сепак, најголем дел од напишаното во оваа книга по својата природа е нормативно, нагласувајќи ја важноста на контрола на квалитетот и опишувајќи го практичниот процес за реализација на таквите напори во рамки на еден тинк тенк. На сличен начин, неговиот друг труд за босанските тинк тенкови (Стријак и Милер 2004) и извештајот за состојбата на азербејџанските тинк тенкови (Стријак и Стобетскаја 2006), иако идентификуваат многу слабости во квалитетот на истражувањето, не нудат квалитативен, систематичен преглед кој би помогнал да се откријат национални, па дури и регионални трендови.

Дали перспективите биле толку мрачни, или горенаведените автори имале премногу високи очекувања за квалитетот на истражувањата на применети политики спроведени од регионалните тинк тенкови? Овој труд има за цел да посвети поголемо внимание на овој аспект преку правење преглед на квалитетот на истражувањата на применети политики спроведени од шест избрани тинк тенкови (студии на случај). Исто така, таа ќе го контектуализира квалитетот на работата реализирана од страна на тинк тенковите во три поишроки теоретски рамки – плурализам, теорија на елити и режими на знаење – и ќе анализира каква улога има квалитетот во секоја од овие три рамки.[4] Овој труд тврди дека, иако некои тинк тенкови во регионот ги подобрија, до некој степен, нивните истражувачки/методолошки и комуникациски стандарди, поголемиот дел сè уште не можат да ги применат поригорозните стандарди на нивните колеги од Запад. Со други зборови, да го парафразирам воведниот цитат: институтите за истражување на применетите политики во ЦИЕ допрва треба да достигнат квалитет во својата истражувачка работа.

4 Треба да се забележи дека оргиналната цел на овие теории во контекстот на тинк тенковите е да го објасни нивното влијание. Главниот интерес на оваа дисертација се квалитетот и стандардите на тинк тенковите кои често можат да се поврзат со влијание. Иако двете прашања се поврзани, поради хеуристични и аналитички причини, јас ќе ги одделам со цел да дојдам до различен поглед во однос на релевантноста и ефективноста на овие организации. Како што ќе покажат подоцна некои од доказите, во некои околности, квалитетот и стандардите не се секогаш предуслов за влијание.

### *Тинк тенковите во Централна и Источна Европа*

Пред дефинирање на специфичниот проблем и наведување на целта на овој труд, неопходно е да се даде дефиниција за тинк тенк, применлива за овој регион, како и краток преглед на постоечката литература на академски анализи и анализи од практичари што се однесуваат на овој регион. Никогаш не било лесно да се дефинира тинк тенк. Глобалната научна заедница има предложено голем број концепти, но без консензус околу една дефиниција (Стоун 2004; Абелсон 2002, МекГан 2000). Ако се земе предвид дека идејата и работата на истражувањата на применети политики произлезе од англо-саксонската политичка традиција и се вкорени во Централна Европа во 1990-тите, дефинирањето на независен тинк тенк претставува уште поголем предизвик.[5] Овој труд се заснова на дефиницијата на Стоун (2000а: 3), и ги дефинира тинк тенковите како:

„независни (и вообичаено приватени) истражувачки институти за применети политики составени од луѓе вклучени во проучување на одредена политичка област или на широк спектар на политички прашања, активно обидувајќи се да ги образуваат или советуваат креаторите на политики и јавноста преку голем број на канали.“

Имајќи ја предвид горенаведната дефиниција,[6] анализата во овој труд се однесува само на организациите што се регистрирани како НВОи или како приватни, непрофитни институции.[7] Трудот не се однесува и осврнува на универзитетски истражувачки центри, истражувачки институти контролирани од државата, тинк тенкови на политички партии или на профитни консултантски фирми. Според последните проценки,[8] во моментот во регионот има приближно 200 независни истражувачки центри што работат како НВОи.

5 На пример, Крастев (2003:77) одбива некои од западните дефиниции и типологии на тинк тенковите како несоодветни за овој регион.

6 За разлика од Стоун која „одбегнува да ги идентификува тинк тенковите како субкатегорија на невладини организации (НВО)“, овој труд особено ги проучува тинк тенковите што дејствуваат како дел од секторот на граѓанско општество и се независни од државата и интересните групи.

7 Во само неколку држави во региони како Азербејџан и Украина, полесно е за овие организации да се регистрираат како приватни институции или компании, но тие сепак работат како НВО.

8 Споредување на тинк тенковите наведени во Директориумот на Фридом Хаус (2006) и документацијата на Тинк Тенк Фондот на ИОО.

Во последните десет години, постојаното зголемување на бројот на тинк тенкови го зголеми интересот кај академиците и практичарите кои ја анализираат и дефинираат оваа нова 'неистражена област' (proto-field).[9] Поддршката од донаторите, главната движечка сила за појавувањето на тинк тенковите во 1990-тите, не е ослабната. Со зголемувањето на комплексноста на реформите во 2000-те, многу влади и јавни администрации имаа слаби капацитети и не можеа компетентно да ги анализираат безбројните проблеми на кои одговараа со забрзано темпо. Додека остатокот од граѓанското општество се насочи кон давање услуги и градење на капацитети, како некомпетентно да се посвети на сложените процеси за пристап кон ЕУ и НАТО, тинк тенковите и организациите за застапување (advocacy organizations), забрзано напредуваа.[10] Оттука, се зголеми и интересот за истражување на овие организации.

Дискусијата за тинк тенковите во Централна и Источна Европа ги следи светските трендови или преку фокусирање на начинот на кои тие се организирани (Вивер 1989; МекГан и Вивер 2000) или разгледувајќи ги „тинк тенковите како средство за прашања од пошироки рамки за политичкиот процес и улогата на идеи и експертиза во донесување одлуки“ (Стоун 2004:2). Авторите упатуваат на потеклото на тинк тенковите и нивните улоги во различни држави (Кимбал 2000; УНДП 2003); го идентификуваат нивното место во рамките на поширокиот политички систем и граѓанското општество (Сендл 2004); се обидуваат да го проценат влијанието на тинк тенковите врз реформските процеси (Месезников 2007) и ја подигаат свеста за ризиците на нивната одржливост (Боучер и Ебел, 2003; Булдиоски 2009).

УНДП финансираше сеопфатно издание што ги вклучи различните аспекти на работа од и со тинк тенковите во регионот (2003). Во ова издание, во единствената специјализирана збирка есеи на оваа тема во регионот, Анѓелковиќ (2004) ја разгледа позицијата на тинк тенковите во српското општество, отворено поставувајќи го прашањето за нивното место во рамки на НВО секторот. Следејќи го концептот за тинк тенковите како „средство за пошироки идеи“, Пипиди (2003) ги опиша моменталните политички практики во Централна и Источна Европа (ЦИЕ), ја идентификуваше позицијата и потенцијалните улоги на елитите и ги прикажа слабостите на тинк тенковите во регионот.

9 Терминот 'неистражена област'('proto-field') е превземен од Мецихорски (2007).

10 Важно е да се забележи дека тинк тенковите не станаа распростанет феномен во сите држави од регионот. На пример, неколку тинк тенкови беа создадени во Чешката Република, Естонија, Литванија, Словенија и Хрватска, при што сите имаа ограничено влијание во одредени политички области.

Крастев (2003), исто така, ги спореди тинк тенковите со другите спроведувачи на истражувања на применети политики како институти поддржани од владата, универзитетски истражувачки центри, политички партии, консултантски агенции и бизнис лобисти. Во отсуство на подобар извор за истражување на применети политики и под услов тинк тенковите да согледаат некои внатрешни слабости, Крастев забележува огромна можност за тинк тенковите да создадат пазар на идеи и да напредуваат на тој пазар.

Се појавија повеќе индивидуални студии на случај. Следејќи ја функционалистичката традиција, Шнајдер (2002) ги проучува тинк тенковите во Вишеградските држави и Стријак (во продолжение) ги мапира тинк тенковите во Босна и Херцеговина. Две студии користат различни политички концепти да ги контекстуализираат тинк тенковите во Унгарија (Реич 2009) и во Словачка (Меџихорски 2007).[11] Тинк тенковите од регионот се значително застапени во анализите во два издадени тома што ја анализираат глобалната пролиферација на тинк тенкови (Стоун и Денам, 2004; МекГан и Џонсон 2005). Фридом Хаус го објави третото издание на својот Именик на тинк тенкови (Think Tank Directory, 2006). Накратко, направен е значителен напор за мапирање на тинк тенковите; постојат неколку квалитативни анализи за нивните функции и неколку автори се обидоа да го оценат нивното влијание врз процесите на применети политики.

### *Предмет на истражување*

Постоечката литература, сепак, на некој начин ги игнорира прашањата поврзани со квалитетот на истражувањата на применети политики спроведени од тинк тенковите. Од една држава до друга, или во различни политички области, тешко е да се дефинира од што се состои квалитетен[12] тинк тенк во регионот. Исто така е тешко да се

---

11 Последните две се необјавени тези на поранешни студенти на Централно-Европскиот Универзитет.

12 Квалитетот е термин што е интерпретиран на различни начини. Иако дебатата за дефинирање на квалитетот е надвор од темата на истражување на овој труд, важно е да се нагласи дека во овој труд квалитетот е резултат на објективна евалуација. На пример, евалуациските извештаи и евалуацијата на 36 трудови обезбедија генеричка проценка што ги одразува стиловите и формите на анализираните трудови/студии и за некои од нив содржините на трудовите. Дополнителна дискусија за изборот на стандарди за квалитет е дадена во Поглавје 3 во објаснувањето на изборот на РАНД (2010) стандардите и РАПИД моделот (Корт и Јанг, 2006), детално опишани во интегралната верзија на овој труд.

идентификува квалитетот на споменатата тинк тенк анализа, како и колку ефективно нивните идеи се пренесени и како тие понатаму влијаат на процесот на креирање политики.

Овој труд аргументира дека, иако тинк тенковите развија основен локален капацитет за истражување на применети политики, тие во голема мера не успеаа да преземат соодветни мерки за да го подобрат квалитетот на сопственото истражување на применети политики и начините на кои ги комуницираат резултатите од тоа истражување. Со анализа на работата на шест тинк тенкови во четири држави, овој труд ќе открие некои трендови и понатаму ќе дискутира за идните предизвици кои им претстојат на тинк тенковите, на тој начин идентификувајќи можни теми за понатамошно детално истражување.[13]

Методологијата на истражување[14] на овој труд главно се заснова на квалитативна анализа на примарни и секундарни податоци. Извор на секундарните податоци е релевантната литература, односно книги, академски списанија и други публикации, како на пример текстови од списанија за практичари и материјали објавени од регионални тинк тенкови, како и информации од специјалните проценки и консултантски извештаи за тинк тенковите[15] од архивата на Институтот Отворено Општество.

## ТЕОРЕТСКА РАМКА: Три теориски гледишта

Влијанието[16] врз применетите политики и политичките дебати претставува клучно прашање во дебатата за тинк тенковите. Иако не е од суштинска важност за овој труд, важно е да се земе предвид ова прашање кога се разгледува квалитетот на истражувања на применети политики во контекст на пошироките политички опкружувања во кои тинк тенковите работат. Стоун дава одличен преглед на „различни пристапи на улогата на тинк тенковите во креирањето политики“

13 Со ова, трудот се фокусира само на понудата на истражувања на применети политики (спроведени од тинк тенковите), а не и на побарувачката. Иако се еднакво важни, побарувачката, политичката волја и компетентноста на креаторите на политики да го разберат експертскиот/политички совет, истите се предмет за посебно истражување и се надвор од темата на интерес на овој труд.

14 Целосниот опис на методологијата на ова истражување се наоѓа во интегралната верзија на овој документ Buldioski, G. (2010). Think Tanks in Central and Eastern Europe and the Quality of Their Policy Research, Skopje: MCIC

15 Сите овие извештаи се темелат на исти водечки принципи, претставени во Прилог 1 на гореспоменатиот труд.

16 Стоун (2004:10) дава концизна дискусија за методолошките проблеми во определување на влијанието на тинк тенковите.

(2004:10-15). Нејзината анализа отсликува широк спектар на теоретски гледишта од теорија на елити, плурализам, нео-марксистички интерпретации, конструктивни расправи па сè до нео-Грамшиската рамка, наведувајќи различни мрежни (network) теории (мрежи на знаење, епистемски заедници, коалициски мрежи за застапување и политичко претприемништво). Секоја теоретска рамка прави одредени претпоставки за улогата на идеи. Ако се земе предвид дека истражувањето на применети политки е клучен чекор во анализирањето, претставувањето и застапувањето на тие идеи, истата претпоставка се проширува на улогата на (квалитетното) истражување на применетите политики.

**Плурализам (интересни групи)**

Првобитно развиен да ја опише демократија во САД (Дал 1961), плурализмот се однесува на систем кој се заснова на повеќе центри на моќ. Како таков, системот вклучува балансирање меѓу различни интересни групи, нивоа на власт и законодавни тела, што резултира во отворен процес на формулирање и креирање на политики. Во САД, теоријата за плуралистичка демократија ги става на мапата групите и здруженијата што ги претставуваат интересите на граѓаните и ја признава нивната улога во креирањето политики (Ајнсворт 2002). По падот на Берлинскиот ѕид, многу политичари и донатори од западот го промовираа плурализмот во пост-комунистичките општества како дел од демократизацијата и развојот на пазарната економија во Централна и Источна Европа. Иако постојат различни резултати за успехот од извезувањето на овој модел (Шопфлин 2001), денес неколку држави можат да се пофалат со енергичен граѓански сектор и интересни групи. Во отсуство на силни синдикати и домашни деловни заедници/стопански комори кои би доминирале во социјалниот дијалог, како што е тоа практика во корпоративните општества во Централна Европа и Скандинавија, следната дефиниција концизно го опишува видот на плурализам кој постои во делови на Централна и Источна Европа.

„Плурализмот на интересни групи може да се препознае според (следниве) карактеристики: мноштво на мали интересни групи, отсуство или недостаток од врвни организации, малку или отсуство на трипартитен дијалог и отсуство на трипартитни пактови“ (Липхарт 1999:172).

Во рамките на плуралистичката теорија, тинк тенковите работат како еден од многуте активисти меѓу невладините организации и интересните групи. Тие имаат цел да направат релевантни анализи што

придонеуваат нивниот глас да се слушне во демократски (отворен) процес на разгледување на политиките; тие даваат препораки за различни применети политики. Ова наметнува одреден притисок на квалитетот на нивните истражувања и на начинот на кои тие комуницираат со креаторите на политики. Работејќи на конкурентен пазар на идеи, тинк тенковите мора да најдат начин нивната анализа се истакнува и да биде забележана од страна на креаторите на политики. Во идеален случај, анализа која се заснова на докази и знаење е предмет на почитување и прифаќање од повеќето креатори на политики. Во плуралистичката рамка, квалитетот се издигнува во натпреварот на идеи и соодветното застапување/комуникација, при што очекувано се ’искоренуваат’ лошите идеи. Тинк тенковите се неопходни за функционирање на демократскиот процес, но дали се еднакво релевантни и препознатливи помеѓу многуте актери кои се натпреваруваат за признавање во политичкиот процес? Дали квалитетот на нивната работа помага во овој процес?

### Теорија на елити (интересни групи)

Теоријата на елити е развиена како контратежа на теоријата на плуралистичка демократија. Наместо да се дели моќта меѓу многуте мали интересни групи, застапувачите на теоријата на елити, како што е Ц. Рајт Милс, тврдат дека моќта е нееднакво распределена во сите општества. Моќта е сконцентрирана кај оние што ги контролираат најголемите организации и институции.

> „Националната елита се состои од оние поединци кои ги формулираат, управуваат и насочуваат политиките и активностите на владите, здруженијата, банките, осигурителните и инвестициските компании, медиумите, престижните адвокатски фирми, големите фондации и универзитетите и влијателните културни и граѓански организации.“ (Рај 2001:3)

Само оние што имаат пристап до ресурси како што се финансиски средства, престижно образование и статус можат да бидат дел од елитата и со тоа да учествуваат во процесот на креирање политики. Иако овој процес на донесување одлуки не мора да значи дека е недемократски, понекогаш елитите може да дејствуваат во насока на остварување на тесни, лични цели, наместо да го следат интересот на масите. Во Централна и Источна Европа, периодот на демократизација се карактеризираше со дифузни елити: од трансформирани комунисти до дисиденти, либерали и елити – победниците на приватизацијата.

Литературата регистрира голема циркулација и игри на моќ помеѓу овие елити одиграни во периодот на 1990-тите години (Хигли и Пакулски 2000). Разгледувајќи ги елитите што беа клучни за процесот на транзиција, Јонита го нагласува развојот на т.н. „сврзувачки/поврзани елити“ (linkage-elites) во министерствата за финансии и националните банки – „кои го зборуваат концепцискиот јазик на нивните колеги од Западот“ (2003:152). Слична аналогија може да се направи за многу експерти во тинк тенковите кои станаа клучни ’преведувачи’ на реформите инспирирани од Консензусот од Вашингтон (Washington Consensus) за локалните елити. Сите овие примери го поддржуваат случајот за употреба на теоријата на елити за анализа на некои, ако не и за сите, тинк тенкови во регионот.

Кога се применува на тинк тенковите, теоријата на елити налага дека оние кои настојуваат да наметнат влијание во процесот на креирање политики мора да припаѓаат на елитата или да имаат непосреден пристап до неа. Што се однесува до политичките процеси што се потпираат на техничко знаење, Путнам аргументира дека „развојот на техничката и ексклузивната експертиза кај администраторите и други експертски групи е механизам со кој моќта се одзема од демократскиот процес и се прелева на советниците и експертите што влијаат на процесот на донесување одлуки“ (1997:385). Со постоечкиот недостиг на технички компетентни луѓе (особено во општествената и политичката сфера), во регионот, некои тинк тенкови може да заземат привилегирано место во процесот на креирање политики. Во друг контекст, многу поспецифичен за тинк тенковите, Стоун го отфрла митот дека тие го застапуваат интересот на општата јавност (Стоун 2007). Во контекст на овој регион, Крастев и Пипиди (УНДП 2003) ја издвојуваат улогата на либералните елити во формирањето и одржувањето на неговите тинк тенкови. Кога тие поседуваат техничка експертиза, и/или припаѓаат на одредена елита и не ги застапуваат интересите на јавноста, тинк тенковите можат лесно да се анализираат во однос на нормативната основа на теоријата на елити.

### Режим на знаење

Оваа теорија, за разлика од елитизмот и плурализмот, не е заснована на моќта на интересните групи. Режимот на знаење, кој е релативно нов концепт, наместо тоа ги разгледува институциите и организациите што го создаваат и развиваат соодветното истражување на применетите политики.

„Режим на знаење е група организации за истражување на применети политики, како приватни тинк тенкови и владини истражувачки тела, вклучени во истражување на применетите политики. Оваа теорија се состои од три димензии: структура, односно, група од односи помеѓу вклучените организации; група процеси според кои овие организации се натпреваруваат, соработуваат и ги (или не ги) координираат нивните активности; и група институции (на пр. формални и неформални правила, норми и сфаќања) што управуваат со овие интеракции.“ (Кембел и Педерсен, во печат: 4)

Клучните функции на режимите на знаење се обезбедување на податоци и истражување, предлагање нови теории, препораки за применетите политики и размена на идеи со кои се влијае на креирањето политики и производствените системи.[17] Според следбениците на оваа теорија, режимите на знаење се важен извор на социјална иновација и промена. На пример, некои автори ја нагласуваат нивната клучна улога „во развојот и ширењето на неолиберални идеи – идејата дека намалувањето на даноците, на регулативата и на владиното трошење е лекот за болеста на националните економии.“ (Форкад-Гуринчас и Бад како што е цитирано од Кембел и Педерсен: во печат)

Самата дефиниција на режими на знаење се занимава со тоа како се интерпретира и разбира квалитетот. Со други зборови, дека квалитетот не претставува само цел или идеални стандарди, туку дека произлегува контекстуално од односите, неформалните правила и општествените сфаќања на организациите и актерите кои се вклучени. Врз основа на оваа претпоставка, квалитетот на тинк тенковите во ЦИЕ може да се тестира најмалку според две поставки: национален и меѓународен режим на знаење. Националната заедница на знаење во секоја од државите во овој регион е мала; важно е да се идентификува до кој степен производите за применети политики на тинк тенковите се разликуваат од академското истражување и која била нивната улога во влијанието на соодветните режими на креирање политики. Исто така, ако тинк тенковите се дел од режимот на знаење, научната заедница во државата би ги прифатила резултатите на тинк тенковите. Користејќи го примерот на Бугарија и државите од Западен Балкан, Крастев (2003) и Булдиоски (2009) покажаа дека тинк тенковите имаат

17 „Режимот на креирање политики ја вклучува државата, политичките партии и други политички актери и нивните околни политички институции. ...Режимите за производство, од друга страна, се составени од компании, здруженија на работодавци, синдикати, други економски чинители и институциите што управуваат со нив.“ (Кембел и Педерсен во продолжение: 4).

компетитивна предност во однос на другите производители на политичко релевантно знаење во областа на општествените науки (универзитети, владини истражувачки тела, тинк тенкови на политички партии и консултантски агенции). Во општества со малку кандидати способни да спроведат истражување засновано на докази (evidence-based research), Јонита (2003) и Булдиоски (2007) забележуваат дека една од клучните улоги на тинк тенковите е да дејствуваат како депо на знаење (чекајќи погодна можност да ја променат политиката која е нивен предмет).[18] Како заклучок, во однос на националните режими на знаење, овој труд ќе го анализира квалитетот на истражувањата на тинк тенковите, имено дали веќе изработените студии имаат придобивки од горенаведената компетитивна предност и дали тинк тенковите стануваат клучни играчи во новопојавените режими на знаење.

Овие три теории понатаму би помогнале не само да се контекстуализира работата на претходно анализираните тинк тенкови, туку и да се анализира квалитетот на нивните резултати, земајќи ја предвид специфичната улога што тинк тенковите ја играат во секоја од овие специфични рамки.

## Квалитет на истражувањето на применети политики и негова дисеминација – Што покажуваат податоците?

*Избор на тинк тенковите-студии на случај:* шесте избрани тинк тенкови за анализа на случај ја подвлекуваат разновидноста на регионот и ги вклучуваат: Економскиот истражувачки центар (Economic Research Center, ERC) од Азербејџан; Аналитика (Analytica) од Македонија; Институтот за јавни политики (Institute for Public Policy, IPP) од Романија; Романското академско здружение (Romanian Academic Society, SAR); Институтот за јавни работи (Institute for Public Affairs, IVO) од Словачка; и Словачкиот институт за економски и социјални реформи (Slovakian Institute for Economic and Social Reform (INEKO). Избраните тинк тенкови работат во четири држави со различни политички системи – од режим на консолидиран автократизам (Азербејџан) до консолидирана демократија (Словачка), според скалата на Фридом Хаус.[19] Шесте тинк тенкови исто така се во различни развојни фази, од неискусни (Македонија) до репутабилни (Словачка).

18 Оваа улога на тинк тенковите на глобално ниво е објаснета кај Стоун (2000:54).

19 Видот на режим според дефиницијата во Нациите во транзиција 2010 година (Nations in Transit) 2010, Фридом Хаус може да се погледне на http://www.freedom-

Следнава табела дава приказ на карактеристиките на секој од избраните тинк тенкови.

Табела 1: Избрани тинк тенкови – студија на случај

| Тинк тенк | Држава | Состојба на тинк тенк | Големина на тинк тенк | Репутација во државата | Добропознат по | Соодветна рамка за анализа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економски истражувачки центар Economic Research Center (ERC)** | **Азербејџан** | Недоволно развиена (3-4 организации во областа) | Среден 7 вработени 5 редовни соработници | Средна/Висока | Алтернативни економски анализи на владини политики<br><br>Не-елитен ТТ со некој пристап до елитите | Режим на знаење<br><br>Елитизам |
| **Аналитика Analytica** | **Македонија** | Во развој (5-10) | Мала 4 вработени<br><br>3 волонтери | Ниска | Редовнен билтен<br><br>Не-елитен ТТ | Плурализам |
| **Романско академско здружение Romanian Academic Society (SAR)** | **Романија** | Развиена (мала, 5-10) | Средна 11 вработени 10 редовни соработници | Висока | Политички анализи (понекогаш обвинувани за поддржување на либерални елити и политички партии)<br><br>Пристап до либерални елити/исто мала соработка со НВО | Режим на знаење<br><br>Плурализам Елитизам |
| **Институт за јавни политики Institute for Public Policy (IPP)** | **Романија** | Развиена (мала, 5-10) | Мала 5 вработени 10 редовни соработници | Средна/Висока | Технички анализи /користење на Закон за слобода на информации Не-елитен ТТ, но со пристап до елити | Режим на знаење<br><br>Плурализам |
| **Институт за јавни работи Institute for Public Affairs (IVO)** | **Словачка** | Развиена (голема, повеќе од 10) | Голема 12-20 вработени 20 редовни соработници | Средна/Висока | Политички коментари Големи книги<br><br>Припаѓа на либерална елите. | Режим на знаење<br><br>Елитизам |
| **Словачки институт за економски и социјални реформи Institute for Economic and Social Reform (INEKO)** | **Словачка** | Развиена (голема, повеќе од 10) | Мала 5 вработени 30 редовни соработници | Висока | Макроекономска анализа Пристап до либерални елити. Се уште не е признат како елитен ТТ. | Режим на знаење<br><br>Елитизам |

Проучуваните тинк тенкови се вклучени во крајно сложени политички, економски и социјални проблеми што влијаат на нивните држави или на регионот во целина. Анализирањето на квалитетот во таков широк спектар на аналитички производи и настани бара дефинирање на одредени аспекти на работата на тинк тенковите наспроти кои истите може универзално да се проценуваат. Овој дел на почетокот разгледува како организациите ги идентификуваат своите потреби, ги мапираат проблемите и го дизајнираат своето истражување.а потоа анализира како резултатите и препораките од тинк тенковите се комуницираат со креаторите на политки и се споделуваат со други засегнати страни.

house.hu/index.php?option=com_content&view=article&id=321:nations-in-transit-2010&catid=46:nations-in-transit&Itemid=121.

### Идентификување на потреби и проблеми и квалитет на дизајнот на истражувањата

Секој тинк тенк, од неговото формирање, мора да е способен да идентификува општествени проблеми, да биде мотивиран да ги решава овие прашања и да поседува големо теоретско и практично знаење за проблемот или процесите на применети политики (Панел дискусија 2010). Евалуациските извештаи покажуваат дека избраните тинк тенкови релативно лесно ги идентификуваат проблемите во нивните општества. Сепак, беше многу потешко за сите нив да ги трансформираат во политичка агенда прашањата кои ги сметаат за важни. Политичките агенди се преполни со голем број стратегии на владите и различните меѓународни организации што им помагаат на овие влади.[20] Ова остава мал простор за тинк тенковите да воведуваат нови идеи на систематичен начин.

Второ, пазарот за финансирање се диктира од донаторите кои вообичаено однапред поставуваат сопствени тематски фокуси.[21] Исто така, донаторската заедница ретко соработува со истражувачите кои се во процесот на одлучување на нивните приоритети (ЦИКП 2008). Иако тинк тенковите никаде во светот не ја имаат главната улога на поставувачи на агендата, во развиените држави владите комуницираат со различни засегнати страни кога ги дефинираат националните стратегии. Во ЦИЕ, предвидливо, изборот на истражувачки теми е екстремно ограничен. Оваа ситуација сериозно ја попречува можноста еден тинк тенк да работи на прашања што можеби не се во сферата на интерес на креаторите на агенди, но кои се можеби еднакво важни. Друг негативен аспект е тоа што тинк тенковите спроведуваат истражувања врз основа на претпоставки на други засегнати страни – не секогаш со ниво на научна прецизност.[22]

---

20 На пример, Владата на Република Македонија наведува дека таа моментално имплементира повеќе од 50 национални стратегии (Информација превземена од официјалната веб-страна на Владата на Република Македонија: www.vlada.mk на 20 јуни, 2010 година). Речиси како правило, ниту една од овие стратегии не е соодветно финансирана.

21 Сосема очекувано Европската Комисија, националните влади и приватните или јавните меѓународни донатори/организации наметнаа строги ограничувања на тематските приоритети за нивно финансирање.

22 На пример, Игор Бандовиќ (2010) од Европскиот Фонд за Балканот и Скот Абрамс (2010) од Институтот Отворено Општество признаваат дека донаторските организации не можат да имаат експертиза за сите истражувачки проекти кои ги

Поединечните студии не се соочуваат со истите пречки. Напротив, штом темата е дефинирана со или без мешање на донаторот или на владиното тело, тинк тенковите уживаат релативна слобода да ги користат методите што сами ги одбрале. Иако речиси сите тинк тенкови (со исклучок на Аналитика), му пристапуваат на истражувањето на софистицирани начини, теоретското врамување на проблемот честопати е нејасно. Во неговата евалуација на тинк тенковите во Романија, Нелсон (2008) пишува: „Една потешкотија што се проткајува во сите овие организации е неуспехот да се придржуваат до строгите стандарди на  општествените науки.“ На пример, предизвикот со кој се соочи SAR беше да одбегне политичка агенда да се наметне на анализата (Нелсон 2008:23). Дизајнот на истражувањата на IVO се направени според модели кои се вообичаени за политичките или општествените науки; сепак во некои од анализираните студии евалуаторот посочува постојано повторување на иста комбинација на методи (главно квалитативни методи и анкети). Аналитика најчесто правилно ги идентификува проблемите, но не успева да обезбеди содветна аналитичка рамка или теорија наспроти која ќе ги провери резултатите. Главните причини за нивното несоодветно дизајнирање на истражувањата лежат во недостатокот на терenski истражувања и преголемата фокусираност на елитите во главниот град. Иако оваа тенденција не е присутна кај другите пет тинк тенкови, не е познато до кој степен слични тинк тенкови во регионот се потпираат на такви погрешно дизајнирани и ограничени практики (Хоџиќ 2010:4).

Студиите на применети политики на ERC и INEKO, економските тинк тенкови во овој примерок, нудат најјасна рамка која е во согласност со начелата на економската теорија. Нивните студии честопати прават обид да ги истражат и да ги докажат причинско-последичните односи. Сепак, и покрај изведувањето на заклучоци во нивните студии засновани на добро познати економски модели, економските тинк тенкови покажуваат друг вид недостаток. И покрај тоа што можат да развијат уникатни аналитички алатки за нивните истражувања, ниту една од овие организации не оди во насока на теоретско иновирање. Раководителите на двете организации укажуваат на отсуството на

превземаат. Наместо тоа, тие сметаат на репутацијата на потенцијалните грантови и на повратен одговор од креаторите на политики за да се осигураат во вредноста на поддржаните проекти. Иако проценките се спроведуваат редовно, тие покриваат само мал број проекти претставени во портфолијата на грантови. Инцијативата за локално владеење (Local Governance Initiative, LGI) на ИМР има мрежа надворешни експерти што обезбедуваат рецензија на технички предизвикувачките теми.

конкурентна научна средина и отсуство на непристрасен, домашен систем на стручна рецензија како главни причини за недостатокот на иновации. Овие заклучоци се поврзуваат со теоретските рамки на макро ниво: недостатокот од конкуренција, на пример, јасно укажува на ограничувањата на плуралистичкиот модел. Стручната рецензија е алатка поврзана со елитите. Комбинирани, тие ги создават социјалните норми и практики на режимот на знаење. Наодите добиени со анализа на овие економски тинк тенкови покажува дека постои лимитираност на конкуренцијата, а со тоа и на плурализмот, во државите каде ретко се применува стручната рецензија и каде домашните режими на знаење се во својот зародиш.

Покрај ова, литературата укажува на општ недостаток на стимулации со кои би се поттикнала ваквата работа во Централна и Источна Европа. Двата економски тинк тенка во овој примерок ја потврдуваат тезата на Аврамов за ’теоретски парохијализам’ која се однесува на економските тинк тенкови од ЦИЕ според која “економистите од Западот се извор на теорија и на методологија (силно конкурентна област каде нема шанси за аутсајдери), додека економистите од Истокот се ограничени на применета економија (пријателска и универзална сфера)“ (2007:13). Накратко, овие примери не ја доведуваат во прашање способноста на тинк тенковите правилно да ги идентификуваат потребите од истражувања на применети политики, туку ги идентификуваат нивните ограничувања при изборот и адресирањето на темите за истражување. Без оглед на нивното придржување кон основните стандарди во идентификувањето на темите за истражување, тинк тенковите во принцип се отклонуваат од теоретската иновација и постојано прибегнуваат кон добро познатите модели за истражување на применети политики. Во некои случаи, како што е SAR, забележан е страв дека политичката (и идеолошка) пристрасност може да влијае на квалитетот на дизајнот на истражување и да ја насочи анализата кон претходно одредено решение.

### Квалитет на објавени материјали: студии на применети политики, трудови и кратки информации

Откако истражувањето и собирањето на податоци се завршени, започнува тешката работа на пишување. Пишувањето добри извештаи за применети политики е повеќе уметност отколку наука. Колку е пократок форматот, толку е поголем предизвикот да се балансира мешавината на податоци, прецизни анализи и издржани препораки.

Дури и најсложените решенија за применети политики треба да се објаснат на разбирлив јазик. Денес, тинк тенковите и индивидуалните истражувачи може успешно да спроведат некое истражување, но потоа да го обезвреднат целиот свој труд со премногу технички и здодевен јазик. Со споредување на резултатите од четири извештаи во кои се евалуирани 36 избрани студии на применети политики (policy studies), трудови и кратки информации (policy briefs), овој дел дава краток осврт на согледаните трендови[23] и понатаму ги анализира врз основа на избраната методологија.[24]

*1. Употреба на податоци*

Од шесте тинк тенкови, IPP и INEKO предничат во нивната употреба на податоци. IPP од Романија секако води во регионот во настојувањето нивната влада да објави податоци кои се обидува да ги сокрие од јавноста. За да го направи ова, IPP го користи Законот за слободен пристап до информации, алатка која ја користат многу мал број тинк тенкови во регионот. Со користење на судскиот систем, IPP создаде соодветна можност за искористување на овој метод за пристап до информации од јавен карактер (Нелсон 2008:14). Но, оваа можност немаше да постои доколку IPP немаше капацитет да ги анализира и користи статистичките податоци. IPP постепено „стана ’собирач на податоци’ и ’преведувач на податоци’ за прашања од јавни политики – улога која впрочем е несоодветно исполнета во Романија“ (Нелсон 2008:15).

INEKO тргна по различна патека, но постигна сличен успех. Соочен со лавина нереални популистички политики промовирани од страна на владата, институтот користеше податоци да ги обелодени неисполнетите ветувања и да ги дискредитира изјавите на политичарите кои не беа засновани на податоци. За да го осигураат кредибилитетот на овие напори, тие направија голема мрежа од економски аналитичари – од државниот, но и од бизнис и непрофитниот сектор - да ги анализираат достапните статистички податоци. Се покажа дека други центри повеќе соработуваат со владата. На пример, IVO изработи база на податоци за ромските заедници во Словачка која послужи како извор на информации за државните институции, донаторите и

23 Публикациите многу варираат во однос на нивната цел и квалитет во шесте тинк тенкови. CAP-Романија е единствениот тинк тенк во овој примерок на организации што објавува рецензирно списание. Квалитетот на статиите во списанието не е дел од претстојната анализа.

24 За детали, види Buldioski, G. (2010). Think Tanks in Central and Eastern Europe and the Quality of Their Policy Research, Skopje: MCIC.

организациите вклучени во спроведување или поддржување проекти во ромските заедници (Благеску 2006). И IVO во Словачка и IPP во Романија развија домашен капацитет да спроведуваат испитувања на јавно мислење.

И покрај овие успешни примери, употребата на податоци и нивната интерпретација се полни со предизвици. На пример, SAR „не се стреми целосно да ги реплицира строгите академски стандарди на повеќето западни списанија или школи. Сепак центарот прави свесен напор да продуцира статистички релевантни студии и да ја постави основата за анализата на трендови и предвидувања“ (Нелсон 2008:9). Квантитативната анализа на ERC, иако е прифатена од засегнатите страни во Азербејџан, не ги достигнува универзално прифатените стандарди во економските истражувања (2010 Панел дискусија). Аналитика, од друга страна, е единствениот тинк тенк во овој примерок што исклучиво го заснова своето истражување на секундарни податоци. Некои од нивните соработници „не се подготвени да ризикуваат во реалниот свет, без разлика на тоа дали треба да спроведат интервјуа со не-елитите, да реализираат анкета за собирање на примарни податоци или да посетат локации надвор од главниот град“ (Хоџиќ 2010:14). Овие примери на организации ја отсликуваат состојбата со тинк тенковите во регионот: постојат мал број кои сериозно напредувале и постигнале резултати во собирањето и обработката на податоци, но голем број нови и организации во подем сè уште се борат да ги исполнат професионалните страндарди.

### *2. Јасност во пишувањето, избор на јазик и таргетирање на специфична публика*

Иако собирањето податоци и способноста истите да се интерпретираат повремено може да ги исполни РАНД стандардите, квалитетот на пишување се соочува со посериозни проблеми. Тинк тенковите во регионот објавуваат голем дел од своите аналитички трудови на својот национален јазик и на англиски јазик.[25] Публикувањето на англиски јазик има три цели: директно комуницира со донаторите/спонзорите;[26] претставува извор на легитимирање пред меѓународната и понекогаш домашната публика; и се обраќа на меѓународните креатори на политики. Податоците собрани со анализата на шесте избрани тинк тенкови и достапните евалуациски извештаи категорично искажуваат

25 Забелешка: Овој труд ги анализира само оние студии, трудови и кратки извештаи објавени на англиски јазик.

26 Овие по правило не се директни корисници на советите за применети политики.

критика. Меѓу коментарите има изјави од типот: „Неколку од трудовите ’протрчуваат низ податоци’“ или “трудот е дескриптивен ... заклучоците се или слаби или недостасуваат“ (Стријак 2009:23), и „... има премалку цитати од литература“ (Стријак 2009 и Хоџиќ 2010).

Фројцхајм го забележува стилот на неколку истражувачи: „генерално, нивните аргументи се разбирливи, но честопати нивната желба да звучат елоквентно и паметно ја инхибира нивната способност да бидат јасни, прецизни и убедливи“ (2010:5). Дури и поискусни аналитичари како истражувачите на IVO се наклонети кон пишување долги, гломазни трудови – интересни само за експерти (Благеску 2006). INEKO, чии материјали објавени на словачки јазик наидуваат на одличен прием кај локалната публика, го немаат истиот ефект со материјалите објавени на англиски јазик. SAR е супериорен во објавените материјали на англиски јазик споредено со другите тинк тенкови во овој примерок. Сепак, има потешкотија со идентитетот во објавувањето на англиски јазик. Имено, раководителите на SAR редовно ги објавуваат нивните анализи како поединечни рецензирани трудови во западни публикации (на пример списанието „Journal of Democracy“) наместо под нивниот организациски бренд.

Наведените примери истакнуваат три вида предизвици со кои тинк тенковите се соочуваат кога ги објавуваат нивните истражувања на англиски јазик: прво, постои недостаток од солидно академско образование и обука;[27] второ, има академски истражувачи кои не поседуваат вештини да ги преведат нивните резултати и препораки на јазик кој го разбираат оние надвор од експертските кругови. Последниот предизвик го вклучува воведувањето на системска контрола на квалитет. За жал, и покрај евалуацијата на некои навистина темелни студии на применети политики, само неколку од случаите од овој примерок ги исполнуваат ригорозните стандарди. Поради тоа, последниов предизвик заслужува понатамошно внимание.[28]

### *3. Системи за контрола на квалитет*

Според неодамнешна студија, отуството на контрола на квалитет се чини дека не влијае врз перцепцијата на квалитет кај засегнатите страни на локалните пазари (ЦИКП 2008). Едно објаснување за ова

27 Ова исто така го одразува недостатокот од млади таленти да се регрутираат од овие организации

28 Првите исто така се дел од контекстот и премногу големи да се анализираат во овој краток труд. Тие заслужуваат посебна студија.

е дека во отсуство на подобра анализа, работата на тинк тенковите е добредојдена и прифатена со номинална вредност (Крастев 2003). Сепак, ситуацијата се менува кога истите извештаи се претставуваат во меѓународни рамки и се изложени на покритички поглед. Од шесте истражувани тинк тенкови, само SAR има основен систем за контрола на квалитет[29] на нивните објавени материјали. ERC има формално вработен менаџер за внатрешна контрола на квалитет, но тој не ги корегира трудовите на постарите истражувачи, што во основа ги остава половина од производите непроверени. IPP нема стандарден протокол за систематски преглед на трудовите и методологиите. Другите тинк тенкови, ако имаат некаква контрола, употребуваат ад хок систем повеќе врз основа на колегијалност отколку врз професионални стандарди.

На регионално ниво, ПАСОС,[30] најголемата мрежа на тинк тенкови во ЦИЕ, го идентификува лошиот квалитет на работата на нејзините членови како една од причините за нејзиниот неуспех да ги информираат европските креатори на политики. Мрежата неодамна лансираше серија интерни дебати што треба да доведат до воведување на „Потврда за квалитет за центри за применети политики“. Овој апостил за контрола на квалитет беше најмногу дискутиран елемент во дебатите за стандарди (Панел дискусија 2010). Ова води до интересен заклучок: на националното ниво, се чини дека отсуството, или присуството, на системи за контрола на квалитет има мало влијание врз политичарите и врз креаторите на политики (кои може не се доволно компетентни да го препознаат квалитетот).[31] На европско ниво, сепак, пристапот е потежок и обезбедувањето квалитет им овозможува на тинк тенковите да им пријдат на државните службеници и политичари на највисоко ниво.

*4. Препораки за применети политики*

Препораките за применети политики се сметаат за „светост“ на работата на тинк тенковите. Тинк тенковите во примерокот се пофале-

29 Сите публикации на САР се прегледани од страна на двајца водачи со повремено вклучување на член на одборот како рецензент.

30 ПАСОС е скратено од Асоцијација за применети политки за отворено општество (Policy Association for Open Society).

31 Ова треба да важи за сите држави надвор од Европската Унија. Во ЕУ, квалитетот на процесот на креирање политики се зголеми заедно со компетентноста на креаторите на политики (на пр. Естонија е одличен пример за здрав политички и процес на применети политики каде државните службеници и политичарите се многу компетентни).

ни за изнесувањето конкретни препораки во споредба со остатокот од цивилното општество (на пр. Хоџиќ 2010). Сепак, кога евалуаторите истражувале подлабоко да изолираат инстанци кога конкретните препораки од тинк тенкови се преведни во мерки за применети политики или закони, сликата станала нејасна. На пример, „целта на IVO во словачкото општество е да промовира идеи и да поттикне ’длабоко размислување’ за некои прашања“ (Благеску 2007). Понекогаш ова буквално може да се илустрира со отсуство на препораки во некои од нивните извештаи. Организацијата повеќе се гледа себеси како извор на знаење и анализа, кој индиректно влијае на процесот на применети политики, наместо да дава директен совет. Во Азербејџан, препораките се донесуваат директно врз основа на доказите добиени од анализи на само неколку извештаи. Повеќето извештаи, сепак, „наведуваат препораки на крајно збиен начин оставајќи им на креаторите на политики да ги преобразат истите во специфични дејства“ (Стријак и Стобетскаја 2006). Во Македонија, каде постои сериозен политички притисок врз тинк тенковите, евалуацискиот извештај наоѓа примери на самоцензура: „Станува прилично очигледно дека потрагата за ’политичка неутралност’ ја довела Аналитика до екстремност на одбегнување политика по секоја цена (2010:6)“.

Гледано од макро-перспективата на трите теоретски рамки, плурализмот ја објаснува работата на IPP. Овој тинк тенк ја зголемува својата аналитичка умешност со користење демократски алатки (Законот за слободен пристап на информации) за да извлече дополнителни податоци од државните тела. IVO, од друга страна, се бори да стане независен столб/место за информации и знаење – столб во словачкиот режим на знаење. Теоријата на елити може да биде добра алатка преку која ќе се разбере контроверзното вметнување на контрола на квалитет. На национално ниво, квалитетот на студиите на применети политики не е клучен фактор за влијанието што тинк тенковите го имаат врз елитите. Сепак, на европско ниво, ова станува клучен критериум за влез. Поради единствената мешавина од академски и истражувања на применети политики, SAR е најдобриот пример за успешен влез на тинк тенк во регионалните и сферите на политика на ЕУ.

### Квалитет на комуницирање и застапување

Независните тинк тенкови имаат тенденција да го сфатат комуницирањето како изборна, маргинална активност. Сепак, поседувањето на сеопфатна годишна комуникациска стратегија станува интегра-

лен дел во работата на секој тинк тенк. Секоја организација треба да има комуникациска стратегија со цел да го максимизира влијанието од нејзината работа, но технолошките иновации и перцепцијата дека има изобилство информации и анализи на располагање на креаторите на политики[32] ја усложнува задачата да се изберат соодветни канали.

Истражуваните тинк тенкови задоцнија во прифаќањето на оваа реалност и не успеаја да развијат сеопфатни комуникациски стратегии за нивните идеи и за застапување. Со исклучок на ERC, другите тинк тенкови во овој примерок немаат општа комуникациска стратегија на ниво на организацијата; наместо тоа, тие едноставно се фокусираат на дисеминација на резултатите од нивните проекти. Ова не значи дека тие не се свесни за таквите стратегии, но повеќето од нивните напори изгледаат неповрзани и без визија за поголеми планови. Ниту еден од тинк тенковите, освен INEKO, не ги употребува со успех новите медиуми и технологија во насока на воспоставување иновативни комуникациски канали со засегнатите страни и со своите сектори.

Во овој примерок INEKO и SAR имаат вложено најмногу напори да ги пренесат и застапуваат своите препораки поврзани со специфични истражувачки проекти. На пример, INEKO го искористи својот пристап до бизнис елитата за да направи 20 презентации за придобивките од пензиските реформи на најголемите компании во Словачка (Благеску 2006). INEKO исто така ги привлече словачките новинари за економски прашања на блогот “Slovak Press Watch” – блог дизајниран да влијае врз работата на новинарите со подобрување на нивното разбирање за економски прашања. Овие два примери отсликуваат една силна страна на INEKO: пристапување до специфични засегнати страни и влијаење преку директна комуникација. Истовремено, тие ги откриваат и слабостите на INEKO во области каде тие не можат да воспостават директни канали за комуникација. На пример, тие имаат мало влијание врз креаторите на политики на ЕУ во Брисел и се непознати за европските креатори на политики, кои инаку би можеле да имаат бенефит од нивните анализи.

SAR користи различен пристап. Иако ја советуваат романската либерална политичка елита и стануваат редовни коментатори на националните и локалните медиуми, тие имаат изградено интересна заедница во Брисел и во други европски главни градови. SAR ја изгра-

32 Иако оваа тврдење е точно за демократиите во Западна Европа, дури и во регион како ЦИЕ каде истражувањата и анализите не се толку чести, бројот на сегашни и идни аналитичари на применети политики се зголемува.

ди оваа позиција со поврзување на сопствениот бренд со угледот на Алина Мунгиу-Пипиди и Сорин Јонита како истакнати истражувачи и јавни личности. SAR исто го изгради својот профил преку свесна диверсификација на производите со колумни, написи во весници и трудови во рецензирани списанија. Иако прифатен од многумина како позитивен, овој пристап е исто така критикуван од оние кои веруваат дека SAR заталка од улогата на активист тинк тенк во пристрасен застапник во раните 2000-ти години (Нелсон 2008).

IVO се смета за „интелектуално дувло" (Благеску 2006:8). Делумно оваа репутација ги направи да станат она што Стоун (2000:53) го дефинира како клириншка куќа за информации и експертиза. Како таква, тие ја прифатија пасивната улога на аналитичари и набљудувачи кои се редовно повикувани од новинарите за експертско мислење, но ретко преземаат сопствена иницијатива. IVO исто така, остана верен на традиционалните медиуми и стандардни формати на објавување - главно книги и долги извештаи – придонесувајќи на сѐ помалубројна публика. На пример, во текот на последните 13 години, IVO ја издаде нивната главна годишна публикација „Глобален извештај за Словачка" (The Global Report on Slovakia), но не успеа да го модернизира нивниот пристап. На повеќе од 700 страни, оваа публикација е екстремно важен извор на ажурирани информации за политичките и економски текови во Словачка. Но, самата големина на извештајот, отсуството на кратки информации за брзо информирање (policy brackgrounders), како и отсуството на кратки видео интервјуа со авторите во форма на подкаст-ови (podcast) на нивната веб страница,[33] ја прават публикацијата непривлечна за поголемиот дел од политички релевантната публика.

Тинк тенковите кои се истражени во овој труд ги отсликуваат трендовите и предизвиците на тинк тенковите воопшто. Една неодамнешна студија на ПАСОС покажа дека само еден од седум анализирани тинк тенкови има постојано вработено лице за комуникации,

33 Неколку тинк тенкови од западот имаат развиено одлични канали за комуникација со користење нови формати. На пример: Европскиот Совет за Надворешни работи наведува кратки интервјуа со авторите на неговите кратки информации за применета политики; Карнеги Фондот за Меѓународен Мир (Carnegie Endowment for International Peace) ги објавува говорите од нивните конференции како објави што може да се преземат поединечно или интегрално; ДЕМОС-УК (DEMOS–UK) ги објави своите водечки предавања на интернет со што десет пати ја зголемија нивната публика. Сепак ниту една од овие практики нема надпредок во Централна и Источна Европа.

додека само еден од три тинк тенкови привлекува внимание на меѓународните медиуми повеќе од еднаш или двапати годишно. Потребата од градење на комуникациските вештини во секторот, јасно се гледа од фактот што само еден од три директори на тинк тенкови посетувал обука за комуникациски вештини.[34]

Станува очигледно дека, во однос на комуницирањето, тинк тенковите во овој регион прават премалку и предоцна. Со два исклучоци, истражуваните тинк тенкови посветуваат многу малку на планирањето на овие активности на самиот почеток на своите истражувачки проекти. Покрај непостоењето на елемент на развој на конкретни алатки за комуникација и правење критички избори во нивните пристапи, тинк тенковите честопати започнуваат нови истражувачки проекти без да имаат јасна методологија за достигнување на посакуваната промена. Понекогаш ова, повеќе отколку квалитетот на нивните анализи, го поткопува нивниот кредибилитет, бидејќи тоа остава впечаток дека тие не ги земале предвид структурните пречки и конкретните стратегии за добивање поддршка од засегнатите страни при постигнувањето на промена во применетите политики.

Квалитетот на комуникацијата е од различно значење за секоја од трите теоретски рамки дискутирани погоре. Ако тинк тенковите сакаат да станат надмоќни во натпреварот во плуралистичките општества, нивните анализи треба да бидат претставени на начин најсоодветен за целната публика. Како што покажува случајот на INEKO, една организација може да доживее успех на своите одлични производи на домашен терен, а сепак да биде незабележана на поконкурентниот меѓународен пазар. Аналитика открива уште повеќе недостатоци како резултат на несоодветна анализа на разнородната публика. Некои од нивните производи едноставно никогаш не стигнуваат до целната публика, бидејќи организацијата нема создадено ефикасни комуникациски канали и е надгласана од конкурентите.

Влезот во кулоарите на политиката и директниот пристап до креаторите на политики е клучна ’алатка за комуникација’ во влијаењето врз националните елити. Поризводите кои дишат со интелектуална компетентност и техничка експертиза се главен магнет за донаторите и креаторите на политики на меѓународно ниво. Комбинирано со тактичноста на медиумите, IVO, INEKO и SAR создадоа репутација

34 Студијата се спроведе во 2010 и вклучи 33 тинк тенкови од централна и Источна Европа (не само членки на ПАСОС).

на ’сврзувачки/сврзни елити’.[35] Иако овој имиџ успешно поминува кај донаторите, наидува на негативно мислење кај јавноста. Без разлика на степенот на нивната соработка со други НВОи, нивните комуникациски канали и стилови наметнаа јавна перцепција на елитни тинк тенкови. На крајот, комуникацијата е потешко да се следи во однос на режимот на знаење, бидејќи квалитетот на комуникации зависи од контекстуалноста на односите, неформалните правила и социјалните сфаќања на организациите и актерите вклучени во создавањето и ширењето на знаење. Платформата на INEKO за набљудување на социоекономските реформи успеа да ’преведе’ некои од пораките развиени во рамки на нивниот режим на знаење и успешно да ги пренесе до општата публика. Сепак, оваа практика е исклучок од правилото за ’неуспешен пренос на идеи’ меѓу режимите на знаење и режимите на производство и на креирање политики.

## ЗАКЛУЧОК
## Улогата на квалитетот на тинк тенковите во различни контексти и потребата за негово подобрување

Претходните делови на овој труд содржат преглед на информациите што се однесуваат на стандардите за квалитет за истражувачки дизајн, идентификација на проблеми, објавени материјали, вмрежување и стратегија за комуникации и застапување. Во секој од овие аспекти, добиените резултати се тестирани наспроти РАНД стандардите или РАПИД моделите и потоа се споредувани со очекувањата формулирани во секоја теоретска рамка. Овој дел ќе ги отслика резултати за состојбата на стандардите за квалитет во најширока смисла, според секоја од теоретските рамки на основа на собраните информации и добиените резултати. Во продолжение, се разгледани прашањата од почетокот на овој труд и е даден заклучок со листа на предизвици на кои тинк тенковите во ЦИЕ треба да посветат внимание со цел да го подобрат квалитетот на својата работа.

1. Плурализам

IPP и SAR Романија, со развивање на спефицичен пазар (specific niche),[36] најдоа добар начин да ги користат околностите на

35 Како што е дефинирано од Јонита (2003) и дискутирано во Поглавје 2.

36 IPP-стратешка парница и Закон за слободен пристап до информации за да се добијат податоци и важност; SAR – Коалиција на различни засегнати страни

плурализмот во демократскиот систем на Романија. Иако поголем дел од нивните анализи се ценети и почитувани во Романија, основната карактеристика која ги издвојува од другите а во насока на зголемување на нивната популарност е вон доменот на истражување – но е нивното делување против власта. И SAR и IPP направија напори да го поддржат нивното несогласување со некои владини политики со добро издржани студии. Факторот на квалитет што се чини дека недостасува во двете организации е развиена комуникациска стратегија насочена кон одреден сектор или публика.

За разлика од тинк тенковите од Романија, стремежот на Аналитика да стане политички глас од малцинската перспектива сосема избледе. Како што се очекува во плуралистичката рамка, нивните слаби анализи и несоодветниот пренос на пораката се ’истуркани’ од страна на други поконкурентни тинке тенкови и НВО-и во арената на застапување за применети политки. Со напредокот на новата технологија, медиумите и различни можности за интеракција на интернет, плуралистичкото поле за  политичко советување стана изедначено. Нивните нови стратегии за комуникација треба да ги земат предвид овие современи канали; во спротивност, овие институти ризикуваат да загубат од “повидливата” конкуренција. Резултатите потврдуваат дека квалитетот на производите и начинот на нивна дисеминација, се одлучувачки фактори за успех на тинк тенковите кои работат во средина на плуралистичко креирање политики.

2. Теорија на елити

Презентираните податоци и студии на случај истакнуваат интересна двосмисленост за улогата на квалитетот кога еден тинк тенк работи во рамки на елитите. На национално ниво[37], штом еден тинк тенк е прифатен од страна на елитите, се чини дека квалитетот на неговата работа нема да биде доведен во прашање, се додека неговата репутација останува непроменета. Добри примери за ова се ERC во Азербејџан наспроти донаторската заедница и IVO во Словачка пред интелектуалната либерална елита.[38] Ова тврдење не е во насока да се

37 Треба да признаам дека заклучокот е порелевантен за Македонија и за Азарбејџан отколку за Словачка и Романија, каде националните елити станаа значително покомпетентни

38 ИНЕКО во Словачка, на пример, дава пример од друг вид: високо квалитетен производ и пристап до елитите. Неопходноста за професионална почит е резултат на економските професии. Сепак, оваа забелешка не може да се однесува на другите тинк тенкови во регионот.

аргументира дека квалитетот на нивните производи е низок, туку да се аргументира дека истиот не е клучниот критериум за способност да се информираат одредени елити. На ниво на креирање политики во ЕУ (ЕУ интеграции, Европската политика за соседството и други политики релевантни за работата на регионалните тинк тенкови), пристапот може да се постигне на различни начини, но се одржува само со произведување високо квалитетни релевантни анализи.

SAR е веројатно најдобриот пример помеѓу истражуваните тинк тенкови, за потрага по успешна стратегија кон европските креатори на политики. За жал, ова е една од ретките успешни приказни меѓу тинк тенковите во регионот. Како што покажува мрежата на ПАСОС, пристапот до европските креатори на политики отсекогаш се сметал за важен, но повеќето од нејзините членки не успеаа да обезбедат континуиран пристап за советување на креаторите на политики во Брисел. Иако доволен да ги привлече креаторите на политики на национално ниво, квалитетот на претставената анализа е изгледа недоволен за да остави впечаток на европскиот пазар на идеи. За да се санира овој недостаток, оваа мрежа, која вклучува 40 организации-членки, започна проект за ’потврда за квалитет за центри за применети политики’.. Како заклучок, репутацијата е сè уште адут пред квалитетот на анализите како клучен критериум за пристап до националните елити; но, на ниво на европските креатори на политики квалитетот на тинк тенковите од ЦИЕ треба да се доведе на исто ниво со оној на нивните колеги од Западот за новодојденците од Истокот да имаат шанса за пристап и успех.

3. Режим на знаење

Прикажаните податоци покажуваат дека тинк тенковите од Словачка и од Романија станаа дел од насцентните национални режими на знаење. INEKO создаде специфичен режим на знаење поврзан со економијата и применетите политики во Словачка што успешно го неутрализира режимот на креирање политики и имаше значително влијание врз различни економски политики. IVO стана депо на знаење, и ризница на академски трудови, книги и стручна литература и со тоа ги надополни, ако не и замени, универзитетите во Словачка. IPP стана референтна точка за собирање и интерпретација на податоци, што е јасно признаена позиција во рамките на академските кругови и круговите на креирање политики во Романија.

Сите овие примери ги покажуваат тинк тенковите како дел од или центар на режими на знаење што произведуваат нови податоци

или пак на иновативен начин ги интерпретираат старите податоци, даваат политички препораки и предлагаат идеи што влијаат на режимот на креирање политики – во иста линија со очекувањата што режимот на знаење се стреми да ги исполни. Сепак, треба да се забележи дека, иако се направени некои промени во применетите политики, тинк тенковите и режимите на знаење за кои тие придонеле допрва треба да станат важен извор на општествена иновација. На крај, важно е да се спомене дека оваа теоретска призма има сопствени граници низ чија призма не може да се објаснат сите тинк тенкови. Во држави како Азербејџан и Македонија, дури и ако се направат обиди, тинк тенковите веројатно не би успеале да направат ништо слично на режимите на знаење. Инелектуалната и аналитичката сцена заедно со процесот на креирање политики и режими на производство е премалку развиена за да издржи таков развој.

### Потрага по подобрени тинк тенкови во Централна и Источна Европа: идни предизвици

Една деценија помина од духовитата забелешка на Крастев дека „тинк тенковите од Централна и Источна Европа може да се опишат како институти за истражувања на применети политики без истражување“ (2000:290). Овој труд покажа дека признавањето на стандарди за квалитет на истражување и способноста да се комуницираат добиените резултати во голема мера зависи од рамките во кои тинк тенковите работат. Квалитетот на пишаните материјали и способноста да се издвојат од конкуренцијата се пресудни за оние тинк тенкови кои работат во плуралистички средини. За тинк тенковите кои работат во рамки на националните елити, стана очигледно дека, штом се обезбеди влез, квалитетот на анализа може да биде просечен, сѐ додека личната репутација и онаа на организацијата остануваат непроменети. Во режимите на знаење, стандардите за квалитет станаа клучен принцип во конструкцијата на системот: се очекува тинк тенковите прво да дизајнираат и развијат, а потоа да се стремат да достигнат висок квалитет на своите истражувања во потрагата по знаење и политичко влијание. Анализата во овој труд покажува дека некои тинк тенкови постигнаа напредок во нивните истражувања и денес тие не се веќе под истата капа на обвинувања како што со право беа прозвани од Крастев (2000) пред една деценија. Во меѓувреме тинк тенковите придонесоа за реформските процеси и постигнаа ’добар поврат’ на скромните инвестиции од страна на нивните меѓународни (и ретко)

локални поддржувачи и донатори. Некои од детално анализираните тинк тенкови во овој труд, во нивните држави станаа центри за анализа на податоци и препораки на основа на докази.

Овој позитивен развој сепак не е систематичен во сите аспекти на работата на тинк тенковите и во рамки на постоечките над 200 различни тинк тенкови во регионот. Ниту поединичните тинк тенкови ниту мрежите како ПАСОС немаат определено група стандарди за квалитет за истражувања на применети политики и дисеминација на резултатите и препораките од истражувањата. Некои тинк тенкови, како што е објаснето со теоријата на елити, успеаа да влезат во ’коридорите на моќ’ и како дел од елитите даваат совети на креаторите на политики, но за жал без соодветна поткрепа на истите со одлични истражувања и податоци. Нивната убава фасада падна при обидот на тинк тенковите да влијаат на креирањето на политики на европско ниво, користејќи ги истите анализи и пристап. Други тинк тенкови се задоволија од нивните успеси на локално ниво и не се потрудија да создадат материјали со ист квалитет на англиски јазик и со тоа не успеаа да го прошират влијанието на нивните истражувања надвор од границите на државата. На врвот на листата на недостатоци, сепак, веројатно е непосредната потреба за разгледување на начинот на кој повеќето тинк тенкови ги комуницираат своите истражувачки резултати.

Овие недостатоци може да се надминат. „Тинк тенковите постојано се притиснати меѓу Сцила од квази-демократски влади и Карибда од доминантните донатори“ (Хоџиќ 2010:18). Еден од предизвиците со кои треба да се соочат во нивната работа е да ги идентификуваат проблемите и потребите надвор од границите поставени од владите и донаторите. Во исполитизиран регион како што е регионот на Централна и Источна Европа, релевантните политички и истражувањата на применети политики значат богата етнографија, фокус на локалитети или сектори кои се индикативни за пошироки трендови во политиката или политичката економија; има голем број можности и делови од недоволно истражени предмети. Регионот, сепак, знае многу малку самиот за себе. Со цел да се направи ова, тинк тенковите треба да излезат надвор од рамките на нивните вообичаени начини на работа и да побараат нови методи на собирање податоци и на интерпретација на истите; да бараат нови теории за промена и да бидат посмели во предлагањето нови модели за општествена иновација и промена. Поставувањето стандарди за квалитет во нивната работа е еден чекор напред во правилна насока. Иако се далеку од тоа да бидат сеопфатни

модели, РАНД стандардите и РАПИД моделот може да бидат првата станица во потрагата на ПАСОС по ’потврда за квалитет за центри за применети политики’. Начинот на креирање политики се развива паралелно со способноста на истражувачите да влијаат на истиот. Тинк тенковите неизбежно треба да обезбедат висок квалитет во нивните истражувања и успешна дисеминација на нивните идеи за да имаат шанса да делуваат и предизвикаат влијание во рамките на сите три политички контексти анализирани во овој труд.

**Резиме**

Тинк тенковите во Централна и Источна Европа често добиваат пофалби за нивната способност да влијаат на владините политики, а помалку да анализираат различни политички алтернативи. Досегашната литературата го разгледуваше влијанието на овие организации под претпоставка дека тоа е поддржано од квалитетни истражувања. Овој труд ќе покаже дека почитувањето на стандарди за квалитет во истражувањата на применети политки и способноста да ги комуницираат своите препораки во голема мера зависи од рамките во кои тинк тенковите функционираат. Анализирајќи ја работата на шест тинк тенкови во четири држави низ призмата на плуралистичката демократија, теоријата на елити и режимите на знаење, овој труд ја идентификува потребата поединечни тинк тенкови или нивни мрежи да развијат стандарди за квалитет на истражувањата на применети политки и на дисеминацијата на резултатите и препораките од нивните истражувања.

**Goran BULDIOSKI**

## THINK TANKS IN CENTRAL AND EASTERN EUROPE AND THE QUALITY OF THEIR POLICY RESEARCH

**Abstract**

The think tanks of Central and Eastern Europe have been often praised for their ability to influence governmental policies and less so to analyze various policy alternatives. The literature to date has looked in the impact of these organizations assuming that it is backed by a quality of research. This paper will show that the appreciation of quality standards for policy research and ability to communicate policy recommendations largely depends on the frameworks in which think tanks operate. Analyzing the work of six think tanks in four countries through the lenses of pluralist democracy, elite theory and knowledge regimes, this paper identifies the need for individual think tanks or their networks to develop a set of quality standards for the policy research and the dissemination of their research results and recommendations.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Abelson, Donald E. 2002. "Do Think Tanks Matter? Assessing the Impact of Public Policy Institutes." Montreal: McGill-Queen's University Press.

Ainsworth, Scott.H.2002. Analyzing Interest Groups. W.W. Norton& Company. New York.

Avramov, Roumen. 2007. Think Tanks in the World of Applied Economics: A Comparative Study in Eastern Europe. Труд презентиран на Dioscouri research conference "Eastern Enlargement-Western Enlargement" in Vienna.

Boucher, Stephen and Ebélé, Juliette. 2006. "Think Tanks in Central Europe: From the Soviet legacy to the

European acquis". In Freedom House Think Tank Directory. Third edition.

Buldioski, Goran. 2007. Think Instead of Thanks. *Turkish Policy Quarterly* 3, no. 6 [Fall 2007]:47-59

Buldioski Goran. 2009. *Think Tanks: Untangling the Gordian Knot of Policy Research in the Western Balkans.* Western Balkans Security Observer. Volume 4. Nr. 1:53-67.

Campbell, John L. and Pedersen, Ove K. 2010. Producing Policy Ideas: The Topography of Knowledge Regimes in Four Countries. Во подготовка

Center for Research and Policy Making (CRPM). 2008. "The Assessment of Research Capacities in Social Sciences in Macedonia," Policy Study N.12, June 2008

Court, Julius and Young, John. 2006.*Bridging research and policy in international development: An Analytical and Practical Framework Development in Practice*, Volume 16, Number 1, February 2006

Dahl, Robert A.1961."Who Governs?". Yale University Press. New Heaven

Freedom House. 2006. Think Tanks in Central Europe and Eurasia: A Selective Directory. Third Edition. Freedom House, Budapest.

Higley, John and Pakulski, Jan. 2000. Elite Power Games and Democratic Politics in Central and Eastern Europe. In Democratic and Capitalist Transitions in Eastern Europe. Edited by Michel Dobry. Lower Academic Publishers. Dordrecht, the Netherlands.

Ionita, Sorin, 2003. "The carfo cult of democracy in Romania an what local think tanks can do to bring about the real thing". In *Thinking the Unthinkable: From Thought to Policy. The role of think tanks in shaping government strategy. Experiences from Central and Eastern Europe,* edited by

UNDP. New York: United Nations Development Program.

Kimball, Jonathan D. 2000. "From Dependency to the Market: The Uncertain Future for Think Tanks in Central and Eastern Europe". In McGann James and Weaver Kenneth, eds. Think Tanks and Civil Societies: Catalysts for Ideas and Action. New Brunswick. Transaction Publishers.

Krastev Ivan. 2000. *The Liberal Estate: Reflections on the Politics of Think Tanks in Central and Eastern Europe.* In McGann James and Weaver Kenneth, eds. Think Tanks and Civil Societies: Catalysts for Ideas and Action. New Brunswick. Transaction Publishers.

Krastev, Ivan. 2000b. "Post-Communist Think Tanks: Making and Faking Influence."In.: Diane Stone (ed.): Banking on Knowledge, The Genesis of the Global Development Network. Routledge, London and New York.

Krastev, Ivan. 2003. "The influence of think tanks: The case of Bulgaria." In *Thinking the Unthinkable: From Thought to Policy. The role of think tanks in shaping government strategy. Experiences from Central and Eastern Europe,* edited by UNDP. New York: United Nations Development Program.

Lijphart, Arend.1999. Patterns of Democracy: Government Forms and Performance in Thirty-Six Countries. Yale University Press. New Heaven and London

McGann, James G. with Johnson, Eric C. 2005. Comparative Think Tanks, Politics and Public Policy. Edward Elgar Publishing. Cheltenham, United Kingdom

Medzihorský, Juraj. 2007. "A new grey zone: Intellectuals, Think Tanks, and Politics in Post-communist Slovakia".MA thesis at the Central European University.

Mesežnikov, Grigorij. 2007. *Contribution to the Supporting Change Proceedings Report".* Czech and Slovak Fulbright Commissions. [Достапно на http://www.fulbright.cz/download/supporting-change-day2.pdf, пристапено на: 15 мај 2010г.]

Pippidi, Mungiu Alina.2003. "Designing the New Social Contract: Trends and Threads in CEE Public Policy

Research." In *Thinking the Unthinkable: From Thought to Policy. The role of think tanks in shaping government strategy. Experiences from Central and Eastern Europe,* edited by UNDP. New York: United Nations Development Program.

Pippidi-Mungiu, Alina. 2010. The Other Transition. Journal of Democracy, vol. 21, No.1.

Putnam, Robert D. 1977. "Elite Transformation in Advance Industrial

Societies: An Empirical Assessment of the Theory of Technocracy". *Comparative Political Studies* **10** (3): 383–411 (p.385)Quinn, Lisa and Young, Eoin.2002. Writing Effective Public Policy Papers: A Guide To Policy Advisers in Central and Eastern Europe. Local Government and Public Reform Initiative. Budapest

RAND. 2010. Standards for High-Quality Research and Analysis. RAND Corporation. http://rand.org/standards/index.html (January 18, 2010)

Reich, Anna. 2009. Think tanks: Case study of Hungary, .MA thesis at the Central European University

Rye, Thomas R. 2001.Top Down Policymaking. Chatham House Publishers. New York and London.

Sandle, Mark. 2004. "Think Tanks, Post Communism and Democracy in Russia and Central and Easter Europe". In Stone, Diane, and Denham, Andrew, eds. *Think Tank Traditions: Policy Research and the Politics of Ideas.* Manchester: Manchester University Press.

Schneider, Jiří. 2002. *Think-tanks in Visegrad Countries:From policy research to advocacy.* Center for Policy Studies, Central European University, Budapest. *[*Достапно на http://pdc.ceu.hu/ пристапено на 13 јануари, 2010 г.]

Shopflin, George. 2001. Liberal Pluralism and Post-Communism. In "can liberal pluralism be exported" eds. Kymlicka, Will and Opalski, Magda. Oxford University Press. Oxford

Sigismund Huff, Anne. 1999. Writing for scholarly publications. Sage Publications. Thousand Oaks, Ca.

Smith, Catherine. F. 2000. Writing public policy:A practicum. Technical communication Quarterly, Volume 9(1):77-92.

Stone, Diane and Denham, Andrew and Garnett, Mark eds. 1998: Think tanks Across Nations. Manchester University Press, Manchester.

Stone, Diane. 2000a. Think-tank Transnationalisation and Non-profit Analysis, Advice and Advocacy, Vol.14, No.2, Jan 2000

Stone, Diane. 2000. *The Policy Roles of Private Research Institutes in Global Politics.* In Karsten Ronit and Volker Schneider, eds. Private Organizations in Global Politics. New York: Routledge.

Stone, Diane, and Denham, Andrew, eds. 2004. *Think Tank Traditions: Policy Research and the Politics of Ideas.* Manchester: Manchester University Press.

Stone, Diane. 2007. "Recycling bins, garbage cans or think tanks? Three myths regarding policy analysis institutes." *Public Administration* 85, no. 2: 259-278.

Stryuk, Raymond, Miller C. 2004. Policy Research in Bosnia and

Herzegovina: The Role and Impact of Think Tanks. *Southeastern European Politics*, vol.5, no.1, pp.45-59.

Struyk, Raymond J. 1999. Reconstructive Critics. Think Tanks in Post-Soviet Bloc Democracies. The Urban Institute Press, Washington D.C.

Stryuk, Raymond. 2006. "Managing Think Tanks. Second Edition. LGI Books and Urban Institute. Budapest, Hungary

Stryuk, Raymond, Stobetskaya, Irina 2006. 'Policy Research in Azerbaijan by Local Organizations". Urban Institute and International Center for Not-for-Profit Law.

Stryuk, Raymond, Kohagen K. and Miller. C. *Were Bosnian Policy Research Organizations More Effective in 2006 than in 2003? Did Technical Assistance Make a Difference? Public Administration and Development,* во подготовка.

UNDP (United Nations Development Program). 2003. *Thinking the Unthinkable*. Bratislava: UNDP Regional Bureau for Europe and the Commonwealth of Independent States.

Weaver, R. Kent. 1989. "The Changing World of Think Tanks." *Political Science and Politics* 22, no.3.

**Евалуациски извештаи**

Blagescu, Monika.2006. Independent Assessment of Institute for Public Policy (IVO) and Institute for Social and Economic Reform (INEKO) in Slovakia.

Hozic, Aida. 2010. Independent Assessment of Analytica – Macedonia.

Nelson, Daniel. 2008. Independent Assessment of Institute for Public Policy (IPP) and Romanian Academic Society (SAR) in Romania.

Stryuk, Raymond. 2009. Independent Assessment of the Economic Research Center in Azerbaijan.

Froitzheim, John. 2010. Mentoring for Better Policy Writing in South Caucasus – Report from Phase 1.

**Интервјуа со претставници на донаторски организации**

Abrams, Scott. 2010. Заменик директор, Local Government and Public Service Reform Initiative. Интервју реализирано со авторот на 28 јуни

Bandovic, Igor. 2010. Програмски менаџер, European Fund for the Balkans. Интервју со авторот, 29 јуни

Forbrig, Joerg.2010. Постар програмски службеникза Централна и Источна Европа, German Marshall Fund. Интервју со авторот, 2 јули

Jovanovic, Jovan. 2010. (поранешен) програмски службеник, Balkan Trust for Democracy. Интервју со авторот, 1 јули.